РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-465/3
12-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-3262/1 од 31.12.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, Архитект во Општина ----, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-3262/1 од 31.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 31.12.2024 година, поднесена е пријава против лицето ----, Архитект во Општина ----и оформен е предмет бр. 12-3262/1 од 31.12.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на фактот дека лицето ----, вработен како архитект во Општина ----, ја користи својата позиција за да изврши измена на новиот урбанистички план на Општина ----. Имено, во делот на Катастарска Општина ---- КП бр. 3259/1 кадешто во сопственост стоело станари на зграда, именуваното лице со цел здобивање на корист, сакал местото да го префрли од

сопственост на станари на зграда во сопственост на општината, и со тоа да станел корисник на истото како паркинг простор за неговите возила кои ги поседува.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ---- (понатаму: Општина).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Општината со допис – Одговор на Ваше барање и доставување на информации бр. 12-----/2 од --.--.2025 година, образложи дека Законот за урбанистичко планирање со донесување на било каква форма на урбанистички план не се менува сопственоста на земјиштето туку се планира рационално искористување на просторот преку планирање на соодветни намени на земјиштето кое е предмет на планирање. Така на некои парцели во приватна сопственост може да се предвидат јавни намени (улици, тротоари и сл.) во кои случаи согласно Законот за експропријација општината би извршила експропријација на земјиштето и би ја реализирала јавната намена. Во конкретниот случај КП 3259/1 КО ----, земјиштето е во сопственост на Република Македонија и општината сеуште е во фаза на пронаоѓање на најквалитетното урбанистичко решение. Општината дополнува дека по усвојувањето на нацрт верзијата на деталниот урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање, ќе биде објавена јавна анкета и јавна презентација на која секое заинтересирано лице ќе може да даде забелешки и предлози за подобрување на деталниот план или за вградување на интересите на лицето кое го донесува анкетниот лист.

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на Министерството, ДКСК утврди дека Општината по усвојувањето на нацрт верзијата на деталниот урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање, ќе објави јавна анкета и јавна презентација на која секое заинтересирано лице ќе може да даде забелешки и предлози за подобрување на деталниот план или за вградување на интересите на лицето кое го донесува анкетниот лист.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д.Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**